**Шеесет и осум претставници на граѓански организации и активисти** во изминатиов месец  се стекнаа со знаења и практични вештини од областа на граѓанското новинарство.



Тие научија како **да препознаат интересна вест** која вреди да биде објавена; **како да направат фотографија**
која на вистинскиот начин ќе ги визуелизира пораките што сакаат да ги пренесат; ги подобрија знаењата и вештините за
**употреба на социјалните медиуми**
и дискутираа за
**етичките прашања**
во практикувањето на граѓанското новинарство.

„Граѓанското новинарство им е добредојдено на професионалните новинари затоа што во некоја рака ги надополнува во она што го прават“, им рече на учесниците **Боби Христов, новинар на ТВ Телма и еден од обучувачите**
. Тој ги поттикна да бидат креативни во пишувањето и да се обидат да ги гледаат случувањата од перспектива на публиката.



Учесниците изразија големо задоволство од она што имаа можност да го слушнат, научат и применат. Тие рекоа дека обуката ќе им користи за нивниот личен и професионален развој и дека наученото веднаш ќе можат да почнат да го практикуваат во своите организации. Како најкорисни обуки ги издвоија оние за социјални медиуми и фотографија.



Во периодот **од 27 април до 19 мај**, Македонскиот центар за меѓународна соработка организираше четири вакви обуки за граѓанско новинарство. Тие беа од **регионален карактер** и се одржаа во **Скопје, Битола, Штип и Струмица**.

Ова беше една од активностите планирани со проектот „**Топ тема на ваша страна**“, што МЦМС го спроведува заедно со **Телевизија Телма**. Проектот е финансиран од **УСАИД**.